ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за локален економски развој**

ПРЕТСТАВНИК: **Раководител на Сектор за локален економски развој**

ПОВЕРЕНИК: **Претставник од Сектор за локален економски развој**

# ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА

**за примање на донација од**
**ГИЗ - Германско друштво за меѓународна соработка**

**Скопје, мај 2025 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.05/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24) и член 6 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (“Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), а во врска со член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22,170/24 и 37/25), Советот на Град Скопје на шеесет и третата седница, одржана на 21 мај 2025 година , донесе

**О Д Л У К А**

**за примање на донација од ГИЗ – Германско друштво за меѓународна соработка**

Член 1

Со оваа Одлука Град Скопје прима донација од **ГИЗ - Германско друштво за меѓународна соработка**, која се состои од:

- 6 (шест) модули со вкупно 18 места за паркирање на велосипеди и електрични тротинети и тоа:

| **Реден број** | **Опис** | **Количина** | **Цена (парче/ ЕУР)** | **Вкупно (ЕУР)** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Модули за паркиралишта за велосипеди и електрични тротинети со заштита од кражба (димензии 70x87 cm, од обработена свиткана цефка, мин.димензии 42,8x3 mm) | 6 парчиња | 480,00 | 2.880,00 |

Член 2

Проценетата вредност на предметот на донацијата од член 1 на оваа Одлука изнесува 2.880,00 евра без ДДВ односно 177.437,00 денари.

Давателот на донација не е даночен обврзник.

Член 3

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Град Скопје да склучи договор за примање на донација со одговорното лице од ГИЗ, со кој поблиску ќе се уредат намената и начинот на користење на предметот на донацијата.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број ________
____________ 2025 година
С к о п ј е

**С О В Е Т  Н А  Г Р А Д  С К О П Ј Е**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Трајко Славески**

## Образложение

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија “ број 5/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ број 202/24), утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје. Согласно член 6, став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (“Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), давател на донација и спонзорство може да биде домашно и странско физичко и правно лице. Согласно член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 ,170/24 и 37/25), намената и начинот на користење на донациите се регулираат со договор меѓу донаторот и градоначалникот, за што претходно согласност дава Советот на општината.

Град Скопје и ГИЗ - Германско Друштво за меѓународна соработка на ден 16.06.2022 година потпишаа Меморандум за разбирање со кој се согласија заедно да работат на проект кој има за цел дефинирање на идните активности и соработка меѓу градот Скопје и ГИЗ, дејствувајќи преку Отворениот регионален фонд на Југоисточна Европа “Енергија, транспорт и заштита на климата“ основан од страна на германското федерално Министерство за економска соработка и развој (BMZ) и кофинансиран од Европската унија, кој фонд го имплементира ГИЗ во шест партнерски земји од Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија) во делот на одржлива урбана мобилност.

Во земјите партнери, Отворениот регионален фонд на Југоисточна Европа “Енергија, транспорт и заштита на климата“ користи пристап на повеќе нивоа и соработува со државните институции (министерство за енергетика, транспорт и животна средина) и парламентите, како и со локалните институции (градови и општини и нивните здруженија) преку трансфер на знаења на добри практики и искуства од земјите во ЕУ, пренос на знаења, менторство, регионална размена на практики со цел зајакнување на капацитетите на општинските партнери.

Како дел од Отворениот регионален фонд “Енергија, транспорт и заштита на климата“, целта на компонентата “*Промовирање на регионална размена за имплементација на планови за одржлива урбана мобилност во земјите од западен Балкан*” е да се промовира регионалната соработка помеѓу градовите и општините што придонесува за зајакнување на капацитетите на локалната самоуправа за спроведување на мерки за одржлива мобилност.

Донацијата од ГИЗ, која се состои од шест модули со вкупно 18 места за паркирање на велосипеди и електрични тротинети заради поставување на опрема како една од мерките за одржлив транспорт, со цел подобрување на квалитетот на воздухот на жителите на град Скопје.

Проценетата вредност на предметот на донацијата изнесува 2.880,00 евра без ДДВ односно 177.437,00 денари. За реализирање на донацијата Градоначалникот на Град Скопје ќе склучи договор за примање на донација со одговорното лице од ГИЗ, со кој ќе се регулира намената и начинот на користење на донацијата.

Согласно гореизнесеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за примање на донација од ГИЗ.